ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

# *АНАЛИЗА*

## *за состојбата со деца на улица*

## *во системот на социјална заштита на РС Македонија*

***Изготвиле:***
***Невена Петровска, д-р на педагошки науки***
***Снежана П.Мишевска, психолог***

**Јули, 2023**

**СОДРЖИНА**

**Резиме**..............................................................................................................................4

**I. Нормативна основа за постапување со деца на улица**......................................................................6

1.1. Меѓународни конвенции и директиви кои упатуваат на поддшка на децата на улица..............................................................................................................................6

1.2. Национални законски решенија во делот на деца на улица и родителското право..............................................................................................................................7

**II. Методологија на анализата** ..............................................................................................10

2.1. Методологија на истражување..............................................................................................10

2.2. Анализа на податоците добиени од центрите за социјална работа...........................................13

2.3 Анализа на податоци добиени од давателите на услуги..........................................................21

**III. Наоди**..............................................................................................................................27

**IV. Препораки**..........................................................................................................................29

4.1. Препораки на национално ниво..............................................................................................29

4.2. Препораки на локално ниво..................................................................................................30

4.3. Препораки за давателите на услуги.......................................................................................31

**Акроними:**

**ГО** - Граѓанска организација

**ДЦДУ** - Дневен центар за деца на улица

**ДУ** - Даватели на услуги

**ЈУ ЗСД** - ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје

**ЈУ МЦСР** - ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа

**МВР** - Министерство за внатрешни работи

**МТСП** - Министерство за труд и социјална политика

**РСМ** - Република Северна Македонија

**ЦСР** - Центар за социјална работа

**ЦДПДР** - Центар за дневен престој на деца во ризик

## *Р Е З И М Е*

Согласно законските надлежности на ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје да ги следи, истражува и анализира социјалните појави и проблеми и да предлага мерки за унапредување на дејноста социјална заштита, изработена е „Анализа за состојбата со деца на улица во системот на социјална заштита во РСМакедонија“ која се фокусира на 2022 година, но содржи информации за претходната 2021 година и за тековната 2023 година. Суштинската цел и опсегот на интерес на Анализата беше да се спроведе сеопфатна анализа на состојбата со децата на улица на национално ниво, да се генерираат веродостојни докази околу постојните национални капацитети преку системот на услуги и заштита која е обезбедена за децата и нивните семејства од страна на центрите за социјална работа и другите даватели на услуги, нивото на меѓусекторската соработка, како и препораки за следни чекори за градење, зајакнување и подобрување на системот за поддршка, подигнување на квалитетот на живот и промена на статусот на овие деца.

Во нашето законодавство, децата на улица се дел од големата група на деца во ризик и иако никаде експлицитно не се споменуваат како деца на улица, сепак тие физички се „највидливи“ во јавноста, а легислативата, системот и стручната јавност ги препознава по нивните карактеристики и се преземаат мерки и активности за нивна заштита и подобрување на нивниот здравствен, образовен и социјален статус. Јавноста ги препознава како деца кои најголем дел од денот го минуваат на улица, просат, скитаат, работат на раскрсници, собираат секундарни суровини, понекогаш се вклучени во кривични дела, експлоатација на детски труд, детска проституција, трговија со луѓе и други ризици. Најчесто на улица се со родителите, членови на семејство, или други возрасни лица кои ги експлоатираат. Детството кое е клучен период за стекнување на здрави животни навики, кај овие деца е период кога го запознаваат животот на најсуров можен начин.

Причините за да децата се најдат на улица може да се повеќе факторски, односно децата да бидат напуштени од родителите или занемарени од семејството, да бидат насила вклучени во експлоатација на детски труд, да мора да заработуваат на улица, да се приклучат кон негативниот семеен модел на живеење за да опстанат или може своеволно да го напуштат домот заради насилство и дисфинкционални семејни односи. Децата постојано се движат напред-назад помеѓу овие два света, семејството и улицата. Тие не се трајно на улици, може да поминат одредено

време во установа, групен дом, згрижувачко смејство, може да се вратат кај своите семејства на краток период, да се преселат во друг град и постојано да се движат од една во друга семејна и социјална средина.

Животот и работата на улица имаат далекусежни последици во развојот и здравјето на децата. Тие често заболуваат од акутни или хронични болести, повреди, инфекции, полово преносливи болести, детски гравидитет, имаат забавен раст и развој, ментални заболувања и емоционални отстапувања поради злоупотребата што ја доживуваат или од користење на психо-активни супстанци. Многу фактори го зголемуваат ризикот од заболување или морталитет на децата и тоа поради нехигиенски услови на живот, слаба лична хигиена, неправилна исхрана, користење на тутун, алкохол и психо-активни супстанци, отсуство на родителска грижа, изложеност на насилство и експлоатација, како и недостапност на здравствена заштита, недоследност во примена на терапија и превентивни прегледи. Проблемот со деца на улица се уште егзистира на нашите простори и најзастапен е кај семејствата од ромската етничка заедница.

Во таа насока се и добиените наоди во Анализата, како и активностите кои се преземаат за заштита на децата на улица во системот на социјална заштита. Според податоците во Анализата „нашето“ дете на улица може да биде од двата пола, но доминираат машките деца, може да биде на било која возраст, од новороденче до 18 години, но доминираат помалите деца, а најчесто се на возраст од 6 до 8 години и се од ромската националност. Податоците покажуваат кои активности се преземаат од страна на институциите во системот на социјална заштита и граѓанскиот сектор и дека истите не се насочени само кон задоволување на нивните елементарни права и потреби, туку и кон подобрување на нивната позиција и интегрирање во сите сфери на животот. За постигнување на таа цел и давање на сеопфатен одговор особено на потребата од заштита на децата на улица, потребен е системски приод и вклучување на сите ресорни сектори, министерства, институции, ГО и единиците на локална самоуправа, како и нивно ефикасно координирање, вмрежување и меѓу секторско постапување.

Податоците добиени од Анализата, можат да послужат за идентификување на потребите на децата и нивните семејства, преземање на мерките за помош и заштита за отстранување на децата од улица, намалување на направената штета од улицата и барање на алтернативи за неа, преку креирање на нови услуги за унапредување на квалитетот на животот на децата на улица.

# I. НОРМАТИВНА ОСНОВА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ДЕЦА НА УЛИЦА

## *1.1.Меѓународни конвенции и директиви кои упатуваат на поддршка на децата на улица*

Меѓународните правни стандарди во областа на почитување и гаранција на основните човекови права и слободи и детските права, се регулирани со многубројни конвенции, протоколи, директиви и програми за нивно спроведување.

Република Северна Македонија има усвоено сеопфатен комплекс од правни прописи што се однесуваат на овие области и има пристапено, меѓу другите, и кон: Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи и нејзините протоколи, Европска социјална повелба, Конвенцијата за правата на детето и факултативните протоколи, како и други значајни директиви и упатства.

Самиот концепт на почитување на правата на децата изложен во Конвенцијата за правата на децата е осмислен како комбинација на должноста на возрасните/државата и правата на децата кои меѓусебно се надополнуваат. Конвенцијата за правата на децата содржи збир на меѓународни правни норми посветени на заштита и благосостојбата на децата, особено заштита од економска злоупотба и работа во дејности кои може да бидат опасни или му го попречуваат образованието на детето, да му штетат на здравјето односно на неговиот физички, духовен, морален или социјален разво,ј што особено се однесува на децата на улица .

Новата Стратегија за правата на детето (2022-2027) на Совет на Европа, идентификува шест стратешки цели:

- Слобода од насилство за сите деца;
- Еднакви можности и социјална вклученост на сите деца;
- Пристап до безбедно користење на технологии за сите деца;
- Детска правда за сите деца;
- Давање глас на секое дете;
- Правата на децата во кризни и вонредни ситуации.

Советот на Европа изразува загриженост за ситуациите на ранливост на децата во сите негови приоритетни области, со примена на пристап против дискриминација согласно чл.14 од

Европската конвенција за човекови права[1], вклучително во справување со ситуации на деца во тешка материјална состојба и живот во сиромаштија, деца кои припаѓаат на малцинства вклучително и деца Роми и деца во движење, деца со попреченост, ЛГБТ деца, деца жртви на трговија со луѓе како и деца чии родители издржуваат казна затвор. Според Совет на Европа, овие групи деца се соочуваат со дополнителни бариери за почитување на нивните права, особено право на здравје, родители,образование, пристап до заштита и помош од насилство, експлоатација, а особено сексуална злоупотреба.

### *1.2. Национални законски решенија во делот на деца на улица и родителското право*

Во насока на усогласување на домашната легислатива со меѓународните правни стандарди, РСМакедонија во своето законодавство транспонира голем дел од овие стандарди во Закон за социјалната заштита, Закон за заштита на децата, Закон за семејство, Закон за правда за децата, како и во законите во образовната и здравствената област.

И во Стратешкиот план на Министерството за труд и социјална политика 2022 -2024[2] се обединуваат политиките за вработување, социјалната заштита, правата и заштитата на децата и нивните семејства и се предлагаат и имплементираат мерки, активности, закони и стратегии кои се однесуваат на нивно регулирање.

Законот за социјална заштита[3] води грижа за интеграција на родителите во општествениот живот и вработување, подобрување на пристапноста и квалитетот на услуги за да постигнат подобар стандард на живеење и грижа за децата. Во Законот за социјална заштита децата на улица се препознаени како лица во социјален ризик кој е дефиниран како состојба која го отежнува или оневозможува непреченото социјално функционирање на поединецот/семејството кое може да дојде во потреба од социјална помош. Покрај правата на парична помош од социјална заштита, децата на улица и нивните семејства може да користат и социјални услуги предвидени со овој закон, односно користење на услуги на информирање и упатување, услуги на стручна помош и поддршка, услуги на советување, услуги во домот, услуги во заедницата и услуги

[1] https://www.echr.coe.int/documents/convention_eng.pdf
[2] https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx
[3] Закон за социјална заштита, Сл. весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019год.

за вон-семејна заштита. Сепак децата на улица се најпрепознаени во користење на услугата во заедницата, односно услугите на дневен престој и услуги за вон-семејна заштита односно упатување во згрижувачко семејство и сместување во установа. Законот за социјална заштита и подзаконските акти го користат терминот деца во ризик,  дете кое ќе се затекне без родителска грижа или како скита, дете од домаќинство кое користи гарантирана минимална помош.

Со Законот за семејство[4]  се уредува односите во бракот и семејството, облици на посебна заштита на семејството, како и односите на родители и деца и дефинирање на родителското право. Во остварување на правото на слободно и одговорно родителство, родителите се должни да обезбедат оптимални услови за здрав раст и развој на своето дете во семејството и општеството. Согласно одредбата во чл.8 родителите спрема своите деца имаат еднакви права и должности (родителско право). Односите на родителите и децата се засноваат на права и должности на родителите да се грижат за подигање, чување, воспитание и образование на своите деца и да ги развиваат нивните работни способности и навики. Во овој закон се уредува вршењето на родителското право, начин и услови под кој се реализира надзор на вршење на родителското право како и престанок и продолжување на родителското право.  Со измените на законот во 2014 год. во чл.91 особено е нагласена постапката спрема родители кои своите деца ги занемаруваат и злоупотребуваат, особено во делот на  присилување на детето на работа која не одговара на неговата возраст, го наведува на питачење или го користи детето за питачење, го наведува детето на општествено неприфатливи поведенија и др.

Со Законот за заштита на децата[5] се уредуваат правата за заштита на децата  кои се остваруваат преку детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за дете, додаток за образование, партиципација преку облици на заштита. Во овој закон се забрануваат сите облици на занемарување, злоупотреба, експлоатација на децата и дискриминација и предвидува облици на заштита на детето..

Во Законот за правда за децата[6], децата на улица  се препознаени како деца во ризик од 7 до 18 години кои меѓу другото може да бидат и жртви на насилство, воспитно и социјално запуштени, да се најдат во состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, деца кои не се вклучени во системот на образование и воспитување, вовлечени во питање, скитање или проституција, кои

---

[4] Закон за семејство, Сл. весник на РСМ, бр. 150/2015
[5] Закон за заштита на децата, консолидиран текст 11/2022 https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx
[6] Закон за правда за децата Сл.весник на РСМ бр.148/2018

употребуваат дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кои поради ваквите состојби се или може да дојдат во допир со законот како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело. За заштита на децата во ризик може да се преземат мерки за помош и заштита.

Освен овие закони, за професионалците кои работат со децата на улица значајни документи се Заеднички протокол за постапување во случаи на злоупотреба и занемарување на деца, Протокол за работа на меѓусекторскиот тим со деца жртви на злоупотреба, занемарување[7] и насилство, Националната стратегија (2020-2025) и Акциски план (2023-2025) за превенција и заштита на децата од насилство, како и најновиот документ од 2022 година Протокол за меѓусекторска соработка за постапување со деца на улица[8].

[7] https://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/protokol_zloupotreba_deca.pdf
[8],https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx

# *II. МЕТОДОЛОГИЈА И АНАЛИЗА*

## *2.1. Методологија на истражување*

Во изработката на Анализата беше користен начин на истражување преку секвенцијални/последователни мешовити методи. Овој пристап на користење на различни методи на собирање податоци и типови на испитаници има повеќе силни страни, меѓу кои и потенцијалната триагулација на резултатите, како и откривање и уважување на главните постојни силни страни, но и празнини и потреби од услуги и ресурси. За осмислување и водење на спроведувањето на оваа студија, беа поставени дванаесет главни истражувачки прашања за ЦСР и дваесет и едно прашање за давателите на услуги. Беа идентификувани и мапирани постојните услуги за деца на улица и нивните сродни услуги, спроведен прашалник и водени интервјуа со стручни работници (раководители/заменици раководители и водители на случај) од центрите за социјална работа и овластените даватели на услуги, за да се обезбедат дополнителни информации.

Оваа студија ја иницираше и спроведе истражувачки тим составен од двајца професионалци, советници во ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје, експерти во областа правда за децата: Невена Петровска, д-р на педагошки науки и Снежана П.Мишевска, психолог.

Во овој пристап се користеа мешовити методи за да се исполнат целите на истражувањето и да се одговори на главните истражувачки прашања.

1. *Преглед на литературата*

Спроведен преглед на постојната литература за да се обезбеди увид во законските измени и новини во областа како основа за теренска работа. Прегледот опфати анализа на законските и подзаконските акти, студии и извештаи за проблематиката од ЈУ ЗСД и други извори, постоечка статистика и други документи и протоколи, а со цел идентификување на нови извори на податоци, сознанија и тековни информации.

2. *Студија за мапирање*

Студијата за мапирање, заедно со прегледот на литературата беше основа за понатамошна и темелна анализа на услугите за деца на улица. Добиените информации обезбедија листа на институции и лица за контакт со цел планирање на следните чекори на Анализата.

3. *Прашалник за работата на центрите за социјална работа и давателите на услуги со деца на улица*

Поради разликата во надлежностите и природата на работа помеѓу центрите за социјална работа и давтаелите на услуги, беа креирани два прашалника. Прашалникот за ЦСР содржеше дванаесет прашања, а прашалникот за ЦДПДР содржеше двесет и едно прашање. Прашалниците електронски беа доставени до 30 ЦСР и три ЦДПДР и сите одговорија на истиот. Имајќи предвид дека центарот за социјална работа во Скопје е меѓуопштински, беа добиени одговори од сите поединечни Одделенија за социјална заштита во општините: Шуто Оризари, Бутел/Чаир, Кисела Вода, Гази Баба и Центар/Аеродром. Со тоа се доби репрезентатаивен примерок на податоци. Прашалникот за ЦСР е ориентиран кон утврдување на број на деца на улица евидентирани во 2021 и 2022 година (по пол, возраст, националност и други белези), извори на идентификување на децата, применети мерки за помош и заштита и други услуги, покренати постапки спрема родителите, применети методи, техники и скали во работата со деца и родителите, меѓу институциионална соработка и друга поддршка на локално ниво, изготвена стручна документација, како и утврдени потреби и обуки на вработените. Прашалникот за ЦДПДР како ново воспоставени ДУ содржи прашања кои упатуваат не само на фреквенција на деца и начин на работа со нив, туку и аспекти кои ги уредува Правилник за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги на дневен престој, рехабилитација и реинтеграција и ресоцијализација и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за дневен престој, центар за рехабилитација и центар за ресоцијализација[9].

4. *Интервјуа со професионалци*

Спроведено интервју со 15 стручни работници (раководители/заменици раководители, координатори и водители на случај) во ЦСР и овластените ДУ, односно ЦДПДР. Интервјуто беше ориентирано кон откривање на ставови во врска со идентификување, постапување и третман на децата на улица и нивните семејства, нивниот увид во предизвиците со кои се соочуваат при работа со децата и препораки за подобрување на услугите.

5. *Преглед на досиеја и стручна документација за деца на улица*

[9] Сл.весник на РСМ бр.150 од 08.06.2020 год

Спроведен увид во досиејата на децата на улица во ЈУ МЦСР на град Скопје и во ЦДПДР, согледана состојбата во содржината на стручната документација и примена на законските и подзаконските акти, утврдени недостатоци и доставени извештаи со мерки и препораки за нивно надминување.

*6. Теренска посета и увид во институции/даватели на услуги*

Спроведена посета во Одделението за социјална заштита за општина Шуто Оризари, Чаир/Бутел, Гази Баба при ЈУ МЦСР на град Скопје, како и ЦДПДР кој функционира како организациона единица при центарот. Посета во ЦДПДР на Здружението за заштита на правата на детето - Скопје и во ЦДПДР „Патека на надежта" на Здружението на граѓани за здравствена, социјална и образовна поддршка „Иницијатива за развој и инклузија на заедниците - ИРИЗ"- Скопје.

7. *Управување и анализа на податоци*

Времето за собирање на податоците од Прашалниците по електронски пат, беше пролонгирано и надвор од предвидената временска рамка. Сите центри за социјална работа и центри за дневен престој ги доставија податоците на време, освен ЈУ МЦСР на град Скопје кој ја пролонгираше временската рамка речиси за два месеца. Тоа не беа предвидени ризици, но направија неповолно влијание врз завршување на Анализата. Квалитетот на добиените податоци беше проверен и прочистен пред да се започне со нивна анализа. Квалитативните податоци кои се добиени преку интервјуа, се обработија со помош на класификација на одговорите во категории. Во овој извештај нема да се идентификуваат лицата кои беа интервјуирани.

*8. Главни наоди и препораки*

За целите на прикажување на добиените наоди обезбедени преку примена на повеќе истражувачки инструменти, беше развиен структурен преглед приспособен на основните дванаесет/давесет и едно истражувачко прашање поврзаните со главните теми во Анализата. Наодите од истражувањето се претставени и толкувани во следното поглавје, а главните заклучоци и препораки се понудени во последното поглавје.

### *2.2. Анализа на податоци добиени од центрите за социјална работа*

Прегледот на бројот на деца на улица, како и социјалните услуги кои ги добиле од ЦСР, е направен врз основа на податоците добиени преку прашалникот пополнет од сите 30 ЦСР во РСМ и увидот во досиејата на оваа категорија на корисници.

Од сите 30 ЦСР, само 3 односно 4 од нив, пријавија дека на евиденција имаат вкупно 62 деца на улица во 2021 година и 89 во 2022 година. Тоа се Скопје, Куманово, Битола и Кичево. Без разлика на полот и возраста сите деца може да се изложени на овој ризик, но највулерабилни се децата од ромска националност. Во 2022 година бројот на деца е зголемен на 89, што е за 43% повеќе во однос на 2021 година. (табела бр.1)

**Табела бр.1: Деца на улица по години евидентирани во центир за социјална работа во РСМ во 2021 год. и 2022год. по градови, пол и возраст**

| *Деца на улица по пол и возраст* | *Деца на улица по години евидентирани во центир за социјална работа во РСМ во 2021 год. и 2022год.* | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2021 година** | | | | | **2022 година** | | | | |
| | Битола | Кичево | Куманово | Скопје | **Вкупно** | Битола | Кичево | Куманово | Скопје | **Вкупно** |
| Машки | / | 3 | / | 41 | 44 | 2 | 2 | 7 | 50 | 61 |
| Женски | / | 1 | 1 | 16 | 18 | / | / | 4 | 24 | 28 |
| **Вкупно** | **/** | **4** | **1** | **57** | **62** | **2** | **2** | **11** | **74** | **89** |
| до 3 год. | / | / | / | 18 | 18 | / | / | 1 | 8 | **9** |
| 4 - 5 год. | / | 2 | / | 9 | 11 | / | / | 2 | 15 | **17** |
| 6 - 8 год. | / | 2 | 1 | 10 | 13 | 1 | 1 | 2 | 18 | **22** |
| 8 -10 год. | / | / | / | 9 | 9 | / | / | 2 | 13 | **15** |
| 10 -12 год. | / | / | / | 5 | 5 | 1 | 1 | 1 | 16 | **19** |
| над 13 год. | / | / | / | 6 | 6 | / | / | 3 | 4 | **7** |
| **Вкупно:** | **/** | **4** | **1** | **57** | **62** | **2** | **2** | **11** | **74** | **89** |
| **Вкупно по години** | **62** | | | | | **89** | | | | |

Од добиените податоци се констатира дека децата од машки пол се повеќе изложени на овој ризик, но и девојчињата се на улица. (графикон бр.1 и бр.2)




**Графикон бр.1: Деца на улица во 2021 година евидентирани во ЦСР во РСМ по пол**

Во двете години речиси е идентична присутноста на машки деца на улица и учествуваат со 71% во 2021 год. и 69% во 2022 год. во однос на женски деца.




**Графикон бр.2: Деца на улица во 2022 година евидентирани во ЦСР во РСМ по пол**

Во однос на возраста на децата во двете анализирани години, направена е споредба видлива во графикон бр.3 и поединечно по години и возраст процентуално изразени во графикон бр. 4 и 5.




**Графикон бр.3: Деца на улица во 2021 год. и 2022 год. година евидентирани во ЦСР во РСМ по возраст.**




**Графикон бр.4: Деца на улица во 2021 год. евидентирани во ЦСР во РСМ по возраст**

Во однос на возраста, децата на улица се застапени од најмала возраст односно од новороденчиња до 18 години. Според податоците во 2021 година, на нашите улици најзастапени биле малите деца до 3, односно до 8 годишна возраст. Овој тренд продолжува и во 2022 година, но како потесна возрасна група доминираат децата од 6-8 години. Најретко застапени се децата на 13 години, кои се на возраст кога се посамостојни и може да одлучуваат за себе.




**Графикон бр.5: Деца на улица во 2022 год. евидентирани во ЦСР во РСМ по возраст**

Во ЈУ МЦСР на град Скопје, како центар што покрива најголема територија, во 2021 година евидентирани се 57 деца на улица, а во 2022 година 74 деца. (табела бр.2)

**Табела бр.2: Деца на улица по години во ЈУ МЦСР на град Скопје по општини, пол и возраст**

| ***Деца на улица по пол и возраст*** | ***Деца на улица по години во ЈУ МЦСР на град Скопје - Скопје*** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2021 година** | | | | | **2022 година** | | | | |
| | **Шуто Оризари** | **Карпош** | **Бутел и Чаир** | **Гази Баба** | **Вкупно** | **Шуто Оризари** | **Карпош** | **Бутел и Чаир** | **Гази Баба** | **Вкупно** |
| машки | 13 | 12 | 15 | 1 | **41** | 13 | 14 | 21 | 2 | **50** |
| женски | 4 | 8 | 3 | 1 | **16** | 11 | 8 | 5 | | **24** |
| **Вкупно:** | **17** | **20** | **18** | **2** | **57** | **24** | **22** | **26** | **2** | **74** |
| до 3 год. | 8 | 3 | 5 | 2 | **18** | / | 3 | 3 | 2 | **8** |
| 4 - 5 год. | 5 | 4 | / | / | **9** | 5 | 5 | 5 | / | **15** |
| 6 - 8 год. | 3 | 7 | / | / | **10** | 7 | 8 | 3 | / | **18** |
| 8 -10 год. | 1 | 2 | 6 | / | **9** | 6 | 2 | 5 | / | **13** |
| 10 -12 год. | / | 2 | 3 | / | **5** | 4 | 2 | 10 | / | **16** |
| над 13 год. | / | 2 | 4 | / | **6** | 2 | 2 | / | / | **4** |
| **Вкупно:** | **17** | **20** | **18** | **2** | **57** | **24** | **22** | **26** | **2** | **74** |
| **Вкупно по год.** | **57** | | | | | **74** | | | | |

Како и во општата слика на национално ниво, така и во скопските општини децата од машки пол се побројни од децата од женски пол. (графикон бр.6)




**Графикон бр.6: Деца на улица во Скопје во 2021 год. и 2022 год.**

Најголем број евидентирани деца на улица во 2021 и 2022 година се од општините Шуто Оризари, Чаир и Бутел. ( графикон бр.7и 8)




**Графикон бр.7: Деца на улица во Скопје во 2021 год. по општини и пол**




**Графикон бр.8: Деца на улица во Скопје во 2022 год. по општини и пол**

И во однос на возраста помалите деца се поприсутни од повозрасните, односно најмалку присутни се децата над 13 години, идентично со националната слика за овој феномен. Преглед по општина во Скопје, пол и возраст на децата даден е во табела 2 и графикон бр.8 и 9.




**Графикон бр.9: Деца на улица во Скопје 2021 год. и 2022 год. по возраст**

Квалитативната анализа на одговорите во прашалниците и интервјуата е направена со помош на класификација по прашања и структурен преглед.

Најголем број корисници на оваа категоија се евидентирани преку директни пријави/известувања од стручните работници од ЦСР и тоа за 41 дете. Најчесто тоа е резултат на акциите на мобилните тимови кои ги спроведува ЦСР во координација со полицијата во Скопје.

Полицијата има доставени пријави за 41 дете во двете години, од училиштата има 15 пријави, 7 од здравствени институции и 48 пријави од граѓански здруженија, а се однесуваат на децата згрижени/корисници на услугата во двата ЦДПДР управувани од „ИРИЗ“ и Здружението за заштита на правата на детето.

Во однос на број на применети мерки за помош и заштита[10] кон децата на улица и нивните семејства, право на ГМП оствариле 50 семејства, помош во натура добиле 6 семејства, извршен е увид во домот на децата во 47 семејства, преземени интервенции во здравство спрема 3 деца, интревенции во образование спрема 20 деца (17 запишани во основно и 3 во средно образование), постапка за ставање под старателство е поведена за 11 деца, надзор над вршење на родителското право е спроведен спрема 18 родители кај кои утврдиле дека неодговорно го вршат родителството. 20% од учесниците во прашалникот не дале одговор на ова прашање.

Ниту еден ЦСР не покренал постапки кон родителите на децата за одземање на родителско право, ниту за враќање на истото.

Во работа со децата се применети различни методи, скали и техники на работа, како цртеж, скали за проценка на емоционална состојба на децата, разговор и опсервација, генограм, „триаголник на мојот свет“, социјална скала, културограм, скала на стамбени услови и тоа од страна на стручните работници од ЦСР Куманово и Одделението за социјална заштита за општина Бутел и Чаир и Шуто Оризари при ЈУ МЦСР на град Скопје. Во работа со родители најчесто се применува информативно- советодавен разговор и скала за проценка на секојдневни тешкотии на родителите. Од интервјуто со професионалците е констатирано дека во работата со децата и нивните родители најчесто ја применуваат тимската работа, како метод на работа кој дава најдобри ефекти и информации за проценка од аспект на различни стручни профили. Скалата за стамбени услови помага во проценката на потребите, безбедносните и средински ризици на семејството, а скалата на секојдневни тешкотии на родителите на стручните работници им дава информации за ризици на занемарување или злоупотреба на децата од страна на родителите и увид во релацијата родител – дете. Примената на проективни и креативните техники, на пример „цртежот“ на стручниот работник му дава многу значајни информации за детето, неговото семејство и домот, квалитетот на семејните односи, каква поддршка има детето и од кој член,

[10] Правилник за формата и содржината и начинот на водење на регистарот за примена на мерки на помош и заштита на деца и малолетници во ризик (Сл.весник 136 од 30.10.2008 год.).

како се чувствува или да го поттикне да опише различни настани, животни ситуации за подетално да се истражат одредени состојби.

Посебно значајно прашање за оваа студија беше меѓу секторската соработка и поддршката што ЦСР ја добива од единиците на локалната заедница/самоуправа и граѓанските здруженија. Во одговорите се издвојува најчеста соработка со полицијата, ОЈО Битола и основните училишта, а од граѓанските здруженија наведени се Здружение на млади правници, „Љубезност" и Црвен крст Скопје и Куманово. Во Кичево нема добра соработка со институциите и граѓанските здруженија.

На прашањето дали и за колку деца се користи социјална услуга на дневен престој, позитивно одговори само ЈУ МЦСР на град Скопје каде и реално постојат три вакви центри. Услугата дневен престој ја користат само стручните работници од Одделението за социјална заштита за општина Шуто Оризари од ЈУ МЦСР на град Скопје и со решение имаат упатено/згрижено 48 деца во двата центри управувани од граѓанскиот сектор "ИРИЗ" и Здружението за заштита на правата на детето. Во Центарот за дневен престој на деца во ризик во Кисела Вода што е организациона единица на ЈУ МЦСР на град Скопје во 2023 година присутни се 10 деца, кои ја користат услугата без решенија и оформени предмети.

Значајно прашање за оваа студија е постоењето на план за индивидуална работа со корисник, како дел од задолжителната стручна документација на центрите за социјална работа.

Сите одговори се потврдни, со исклучок на ЈУ МЦСР Кичево каде не изготвуваат план, но при преглед на досиејата утврдени се сериозни пропусти при изготвување на истиот од страна на стручните работници и отсуство на прифаќање и разбирање на самиот план од нивна страна како корисна алатка за управување со предметот и промените кои треба да се постигнуваат заедно и со партиципација на самиот корисник.

Во делот на утврдување на потреби од континуирана профсионална едукација на вработените, добиени се потврдни одговори без прецизирање какви обуки се потребни и на која тема или потреба од конкретни ресурси.

### *2.3. Анализа на податоци добиени од давателите на услуги*

Согласно своите законски надлежности, центарот за социјална работа како орган за старателство го определува правото и формата на заштита, соодветно на степенот на ризик, возраста, здравствената состојба и најдобриот интерес на детето. Најприменувана мерка за помош и заштита на оваа категорија на деца е нивното дневно згрижување и упатување во ЦДПДР, која се користи само во Скопје. По проценка се користат и услуги на вон-семејна заштита и згрижување на децата во згрижувачко семејство или сместување во установа односно групни домови.

Во изминатите години, мрежата на услугата за дневно згрижување на децата на улица беше распространета низ цела држава и согласно тогашните законски можности постоеја повеќе Дневни центри за деца на улица во различни форми зависно од потребата и тоа два при ЈУ МЦСР на град Скопје во Кисела Вода (2004 год.) и Автокоманда (2008 год.); ДЦДУ управуван од Здружение за заштита на правата на детето (2006год.); ДЦДУ - организациона единица на ЈУ МЦСР Битола (2010 година); ДЦДУ - организациона единица на ЈУ МЦСР Охрид (2012 година) кој функционираше само во летниот период; Транзитен центар за деца на улица при ЈУ МЦСР на град Скопје и ДЦДУ управуван од граѓанското здружение „Меѓаши“. Во изминатите години дел од овие центри згаснаа од различни причини, но во моментот на нивно постоење беа добро решение за позитивно влијание на децата на улица.

Во периодот на спроведување на оваа струдија утврдено е дака во РСМ функционираат три центри. ЦДПДР при ЈУ МЦСР на град Скопје е најстар и прв центар, кој започна со работа во 2004 година како Дневен центар за деца на улица согласно тогашните законски решенија. Во 2006 година се отвори ДЦДУ управуван од граѓанското Здружение за заштита на правата на детето со поддршка на МТСП, кој од 2021 година согласно новиот закон е овластен лиценциран давател на социјална услуга и најнов е ЦДПДР „Патека на надежта“ на Здружението на граѓани за здравствена, социјална и образовна поддршка „Иницијатива за развој и инклузија на заедниците - ИРИЗ“- Скопје (лиценциран од 2023 година).

Прегледот на бројот на деца на улица кои ја користат оваа услуга, како и квалитетот, односно начинот на работа и реализација на програмските активности со нив е направен врз основа на податоци добиени преку прашалникот пополнет од давателите на услуги и интервјуто со координаторите/стручните работници. (табела бр.3)

**Табела бр.3**

| **Број на деца на улица по пол и возраст** | ***Центар за дневен престој за деца во ризик „Патека на надежта“ (ИРИЗ)*** | ***Центар за дневен престој за деца во ризик- Здружение за заштита на правта на детето*** | | **Центар за дневен престој на деца во ризик ОЕ на ЈУ МЦСР на град Скопје - Скопје** | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2023 год.** | **2022 год.** | **2023 год.** | **2022 год.** | **2023 год.** |
| машки | 13 | 17 | 17 | 8 | 6 |
| женски | 11 | 7 | 7 | 4 | 4 |
| **Вкупно**: | **24** | **24** | **24** | **12** | **12** |
| до 3 години | / | / | / | / | / |
| 4 - 5 години | 4 | 9 | 8 | 2 | 2 |
| 6 - 8 години | 11 | 8 | 7 | | |
| 8 - 10 години | 9 | 4 | 5 | 6 | 4 |
| 10 - 12 години | / | 3 | 4 | 1 | 1 |
| над 13 години | / | / | / | 3 | 3 |
| **Вкупно:** | **24** | **24** | **24** | **12** | **10** |

Прашањата наменети за давателите на услуга беа концепирани во неколку области: тековна состојба (законска поставеност, упатување, опфат на деца, просторни услови), вработени стручни лица, начин на спроведување на програмските активности и работа со деца и родители, водење на стручна документација и интерна евиденција, евалуација, меѓусекторска соработка и вмрежување, предизвици и потреби на вработените. Анализа на одговорите е направена со помош на класификација по прашања и давател на услуга, поединечно преку структурен преглед.

**Центарот за дневен престој на деца во ризик на Здружението за заштита на правата на детето,** сместен е во простории на Здравствениот дом во општина Шуто Оризари. Центарот работи со 24 деца, упатени со решенија за користење на услуга дневен престој од ЦСР. Децата се на возраст од 4 - 12 години, потекнуваат од ромската заедница, живеат во услови на социјална исклученост, со повеќе ризици. Работното време на овој дневен центар е од 08.00 до 16.00 часот. Децата остануваат до 13.30 и добиваат еден оброк, а останатиот дел од работното време се користи за реализација на адмистративно-технички работи.

Ангажирани се социјален работник, педагог, воспитувач и неговател, како и лице за одржување на хигиената и координатор.

Со дел од децата се работи целодневно, а останатите се вклучуваат во активности согласно нивните потреби и усогласеност со нивните училишни обврски. Десет деца одат во прво одделение и кои после настава доаѓаат во центарот. Со децата се работи во група, но се користи и индивидуална работа. Се спроведуваат едукативни активности за стекнување на животни и работни вештини, се работи на нивно описменување, се спроведуваат културно-рекреативни активности, како и давање образовна поддршка. Имаат креативни, спортски и музички активности, како и насочена групна работа со децата за развивање на социјални вештини и превенција од различни форми на насилство, детско престапништво и сл.

Воедно се спроведува групна и индивидуална работа со родителите, се дава социјална поддршка во зависност од нивните потреби, информирање и упатување во други институции, како и помош во натура. Се спроведуваат увиди во домот на децата, а се одржуваати и родителски состаноци еднаш месечно.

ЦДПДР соработува со ЦСР во општината, образовни и зрадвствени институции, но и со други здруженија на граѓани (ХЕРА, Надеж, Ириз, Амбрела, Волонтерски центар-Скопје).

ЦДПДР поседува интерна документација за корисниците и дадената услуга, односно податоци за децата во однос на возраст, пол, образование, етничка припадност, вид на активности во остварување на индивидуалниот план и води евиденција и поседува податоци за вработените лица во однос на возраст, пол, образование, биографии, лиценци и поминати обуки. Водат евиденција за секој корисник, односно предмет кој содржи: евиденциона карта, изјава за согласност од родител за престој и користење на фотографии само за потребите на центарот, личен лист, анкетен лист, социјална анамнеза, план за индивидуална работа со корисник (кој го доставуваат до ЦСР), поединечни наоди (на социјален работник, педагог и воспитувач),

прашалник за квалитет на услугата наменет за деца и прашалник за квалитет на услуга наменет за родители, лична документација на децата, како и Решенија за користење на услуга дневен престој за деца во ризик.

ЦДПДР доставува месечни извештаи за исплата за дадената услуга до ЦСР, поседува и Годишен план за работа, кој ги содржи целите и активностите и се грижи за нивна реализација Воедно имаат спроведено евалуација на дадената услуга и проценка на задоволството на корисниците, нивните законски застапници, односно членови на нивното семејство преку примена на прашалник за квалитет на услугата наменет за деца и за родители. Извештајот од спроведената евалуација е доставен до Министерството за труд и социјална политика, ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје и центарот за социјална работа од каде е упатен корисникот, во законски предвидениот рок.

ЦДПДР има воспоставено процедури за поднесување, разгледување и евидентирање на поплаки и претставки од корисниците, нивните законски застапници, односно старатели. Но, досега немаат евидентирано поплаки и претставки.

ЦДПДР е препознаен од локалното население поради неговото долгогодишното постоење и работа на тоа подрачје, остваруваат секојдневна комуникација со поранешни корисници на услугата, но и со заинтересирани граѓани кои доаѓаат за одредена информација, помош и поддршка, со што центарот ја афирмира услугата во јавноста и пошироката социјална средина.

**Центарот за дневен престој на деца во ризик - „Патека на надежта“** функционира во непосредна средина на корисниците, а е сместен во простории кои се дел од објектот на Детската градинка „8 Април“ во Општина Шуто Оризари, но со посебен влез, во нови и ново опремени простории. Работното време на центарот е од 08.00 до 16.00 часот, а активностите со децата се реализираат во две смени и тоа од 08.30-12.30 часот и од 13.00-15.00 часот, зависно од нивните училишни обврски. За време на нивниот престој добиваат еден оброк, кој се подготвува во кујната на центарот.

Ангажиран е социјален работник кој е координатор, педагог и психолог кој е вработен во ОУ „Браќа Рамиз-Хамид“, а во центарот дава услуги по два часа дневно. Имаат вработено лице за одржување на хигиена на просториите и две негователки, кои се грижат за хигиената на децата и подготвување на храна. Се работи со 24 деца, сите упатени со решение од центарот за социјална работа. Речиси сите деца (23) се запишани во ОУ „Браќа Рамиз-Хамид“ и посетуваат настава. Децата корисници на оваа услуга се на возраст од 5-10 години, нивните семејства се изложени на

повеќе социјални ризици и сите потекнуваат од ромската заедница. Со децата се работи согласно месечен план, најчесто се дава образовна поддршка и помош во завршување на домашните задачи зададени од училиштето, со цел нивно задржување и обезбедување на континуитет во образовниот процес. Се работи на стекнување хигиенски навики и други животни и социјални вештини, со особен акцент на развивање културни и бон-тон навики. Користат нагледни средства и едукативни телевизиски и интернет програми.

Тимот во центарот за дневен престој остварува контакти со родителите на децата, преку советодавни разговори или телефонски контакти, практикува родителски средби кои ги користи за советување, укажување и поттикнување на позитивни начини за остварување на родителството.

Центарот соработува со други здруженија на граѓани (Сос Детско село - услугата за советување), како и со образовни и здравствени институции, центарот за социјална работа и општина Шуто Оризари.

ЦДПДР, поседува интерна документација за корисниците и дадената услуга, односно податоци за децата и за вработените лица согласно Правилникот. Водат евиденција за секој корисник, односно предмет кој содржи: почетно интервју со родителите, поединечни наоди и мислење на социјален работник, педагог и психолог, како и наод на стручен тим, план за индивидуална работа со корисник (кој го доставуваат до ЦСР), прашалник за проценка на задоволството на родителите и лична документација на децата, како и Решение за користење на услугата. За дадената услуга доставува месечни извештаи за исплата до ЦСР.

Давателот на услугата се уште нема спроведено евалуација, поради краткиот период на функционирање, но во тек се подготовките за реализација на истото. Но, има воспоставено процедури за поднесување, разгледување и евидентирање на поплаки и претставки од корисниците.

Констатирано е деца ЦДПДР има месечен план со активности и содржини, но нема изготвено годишен план за работа со цели и активности.

**Центарот за дневен престој на  деца во ризик во Кисела Вода** при ЈУ МЦСР на град Скопје е лоциран во дел од објект на детска градинка. На евиденција се 10 деца, а на дневно ниво доаѓаат од 3 - 5 деца кои се од општина Кисела Вода и секојдневно со возило на ЦСР се превезуваат од нивното живеалиште до објектот на центарот и обратно. Децата оваа услуга ја користат без решение од центарот за социјална работа, остануваат до 13 часот и добиваат еден оброк. Со децата работат еден воспитувач и еден педагог. Дневните активности кои се спроведуваат со

децата се воспитно-едукативни, формално и неформално структуирани и најчесто се однесуваат на стекнување на децата со културно-хигиенски навики, подготовка за на училиште и описменување, креативни активности од забавен карактер (цртање, гледање на ТВ, музика и сл.). Воедно децата имаат пристап до редовна здравствена заштита и имунизација, како и еден топол оброк дневно. Децата се подготвуваат да се запишат во училиште и да бидат инклузирани во образовниот процес. Постои и спонатана соработка и комуникација со родителите при земање и враќање на децата од нивните домови, што претставува можност за меѓусебна размена на информации за детето, давање на задолженија на родителите или информација за остварување на некое право од социјална заштита за подобрување на условите за живеење.

## *III. НАОДИ*

1. Појавата на деца на улица се уште е присутна во нашата држава и најизразена е во големите градови, односно во Скопје и Куманово каде има евидентирано најголем број деца. Видливост на оваа појава има и во други градови, како Велес, Битола, Прилеп, Охрид и Струга особено во летниот период кога семејствата мигрираат во туристичките места, но во ЦСР нема евидентирани деца. Во 2022 година бројот на деца е зголемен на 89, што е за 43% повеќе во однос на 2021 година.

2. Без разлика на полот и возраста сите деца се изложени на овој ризик, а највулерабилни се деца од ромска националност. Поголема застапеност има на машките деца, а во однос на возраста помалите деца до 8 години се поприсатни од оние на 13 годинишна возраст.

3. Најголем број корисници на оваа категоија се евидентирани преку дирекни пријави/известувања од стручните работници од ЦСР по службена должност и како резултат на акциите на мобилните тимови на ЦСР со полицијата во Скопје.

4. ЦСР применуваат мерки за помош и заштита кон децата на улица и нивните родители, но во недоволна мера и избор на најпотребните мерки. Најкористени мерки се право на ГМП и теренска работа, а поретко применети се интервенции во здравство и во образование, како и постапките за надзор над вршење на родителското право. Не е водена ниту една постапка за одземање на родителско право.

5. Примената на методи, скали и техники за работа со децата на улица и нивните родители има слаба применливост и само од страна на одредени стручни работници. Нивното користење е во функција на ставање на корисникот во активна улога, поттикнување на проактивност, разбирање на сопствените потреби, потенцијали, зајакнување на индивидуалните и родителски капацитети, учење на позитивен систем на вредности и обрасци на однесување.

6. Изготвувањето на планот за индивидуална работа со корисник и планирањето како најсложен и неопходен процес во давање на услуги и поддршка на децата и нивнте семејства се уште е само формална постапка на стручните работници, без

индивидуализација и операционализација на конкретни активности и активна партиципација на корисниците во насока на постигнување на определени цели. Утврдени се сериозини и суштински недостатоци на планот што е резултат на отсуство на прифаќање и разбирање на самиот план од страна на стручните работници како корисна алатка за управување со предметот и промените кои треба да се постигнуваат заедно и со партиципација на самиот корисник.

7. Евалуацијата и ревизијата на планот за индивидуална работа со корисник најчесто не се спроведува.

8. Меѓу секторската соработка не е на потребно ниво. Најдобра соработка и координација на активностите ЦСР има со МВР, а со другите институции е на различно ниво и зависно од локалните чинители. ЦСР согласно своите законски надлежности обезбедува само еден аспект на третман и заштита на децата на улица, а за да се обезбеди холистички пристап неопходна е вклученост и реакција на сите институции во системот.

9. ЦДПДР мометно е неопходен и важен дел од мрежата на социјални услуги, а во функција на заштита на децата од занемарување и злоупотреба и превенција од појава на детско престапништво. Но, тие се само привремен и транзитен ресурс кој треба да направи трансфер на децата од улица кон вклучување во формалниот воспитно-образовен систем и нивно интегирање во пошироката социјална средина. Само на тој начин најадекватно ќе се искористат ресурсите и најранливте деца,  особено оние кои се идентификуваат на улица со акцијата на мобилните тимови ќе ја добијат услугата.

## *IV. ПРЕПОРАКИ*

### *4.1. Препораки на национално ниво*

1. Примена и постапување на стручните работници во ЦСР согласно Меѓусекторски протокол за постапување со деца на улица.
2. Со децата на улица кои се деца во ризик, стручните работници во ЦСР да постапуваат согласно Законот за правда за децата, како и Законот за социјална заштита и другата законска регулатива. Согласно Законот за правда за децата сите известувања за деца во ризик (во кои спаѓаат и децата на улица) кои се доставуваат до ЦСР, да се евидентираат во Регистар за примени известувања согласно Правилникот за формата и содржината и начинот на водење на регистар за примени известувања за деца и малолетници во ризик[11].
3. Стручната документација во ЦСР да се води согласно Правилникот за водење и содржината на евиденцијата за корисниците од правата од социјална заштита и документацијата за стручната работа[12] преку примена на принципите за интегрирано водење на случаи.
4. Користење на долгогодишната позитивната пракса во ЦСР на постоење Одделенија за заштита на деца и млади со стручни работници од различни профили (социјален работник, педагог, психолог и правник) или стручен тим во помалите ЦСР кои се обучени за работа со деца во ризик и деца во судир со законот согласно одредбите на Закон за правда за децата. На тој начин ќе се обезбеди и осигура стручно, компетентно и конзистентно постапување со децата на улица.
5. Имајќи ги предвид нашите актуелни законски и подзаконски решенија за децата во ризик и ограничување на бројот на деца кои посетуваат Центар за дневен престој на деца во

[11] Правилник за формата и содржината и начинот на водење на регистарот за примени известувања за деца и малолетници во ризик (Сл.весник 136 од 30.10.2008 год.)

[12] Правилникот за водење и содржината на евиденцијата за корисниците од правата од социјална заштита и документацијата за стручната работа (Сл.весник на РМ бр. 171/2011).

ризик, препорака е развивање на нови, иновативни услуги[13] за заштита на децата со исти потреби кои не се опфатени со ЦДПДУ. На пр. како форма на заштита во регионот се користи „Свrталиште“, кое функционира на дневна основа, од отворен тип и во него поминуваат голем број деца, без ограничување, во различни периоди од денот и со различни потреби, возраст, потекло и се поттикнуваат на позитивни активности и промени, им се дава помош, поддршка, заштита на дневно ниво, но се прави и план за долгорочна помош и поврзаност со ЦСР и другите институции и општината.

### *4.2. Препораки на локално ниво*

1. Потребно е да се прави проценка на потребите на ниво на заедницата, во урбаните, руралните подрачја и областите населени со национални малцинства од чии заедници се јавуваат најголем број деца на улица. Во секоја единица на локална самоуправа, Општински совет за социјална заштита, потребно е да подготви Социјален план за подрачјето на општината, кој содржи: мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на граѓани, анализа на капацитетите, расположливите и специфичните потреби за развој на социјалните услуги во општината, вклучувајќи ги и за децата на улица. Врз основа на Социјалниот план, се подготвува Годишна програма за социјална заштита врз основа на која Министерството за труд и социјална политика ги планира мерките, активностите, потребите и условите за доделување на парични средства на општините за развивање на социјалните услуги за децата на улица. За единиците на локалната самоуправа децата на улица треба да бидат приоритет и да преземаат мерки за поддршка на овие деца за редовно присуство во предучилишното воспитание и образовниот процес, нивна рана идентификација и упатување во ЦСР, како и вклучување на сите други ресурси од граѓанскиот сектор и институции со цел да помогне во создавањето на вистинска средина за социјално подобрување, превенција, заштита и реинтегрирање на децата и семејствата во заедницата. Редовните консултации на локалните чинители со централната власт, граѓанскиот сектор и институциите во системот треба да станат пракса и основа за силно партнерство.

[13] Правилник за поблиски услови, образецот за бодовна скала, начинот и постапката за доделување на средства за обезбедување на иновативни или интервентни социјални услуги (Сл. на РСМ, бр. 198 од 24.8.2021 година)

2. Потребно е ЦСР согласно Закон за социјална заштита да преземат мерки на социјална превенција во соработка со локалната самоуправа, образовни, здравствени установи, полиција и други државни органи и здруженија со цел намалување на ризикот од оваа појава и создавање ресурси за заштита на правата и интересите на децата на улица.

3. Иницирање и спроведување кампањи за подигнување на јавната свест на граѓаните и нивно информрање за постапување со децата на улица, преку различен промотивен материјал и користење на социјалните медиуми. Често јавноста и нема соодветни информации за овие деца, не ги знаат вистинските причини за нивната состојба, имаат предрасуди, може да ги осудуваат или им помагаат на несоодветен начин.

### *4.3. Препораки на ниво на даватели на услуги*

1. Доследан примена и постапување согласно законските, подзаконските акти и протоколи.

2. Да се почитува подзаконската одредба за дневните услуги кои се даваат со упатување од надлежниот центар за социјална работа или по барање на граѓанин, односно негов законски застапник или старател. Центарот за социјална работа спроведува проценка на потребите, ризиците и потенцијалите на децата и со Решение ги упатува во соодветен Центар за дневен престој на деца во ризик.

3. ЦДПДР да обезбедат стимулативни пакети на услуги и интервенции со децата кои ќе ги оддалечат од улицата. Услугата да вклучува активности за развивање на позитивни животни вештини и навики, описменување, начини на однесување, учење и усвојување на морални вредности, препознавање на насилство, а со цел да се намали маргинализација и да се промовира нивната интеграција во општеството. Интервенциите да се фокусираат на препознавање, промовирање и развивање на внатрешните ресурси на детето, градење на отпорност и справување со животните околности. Максимално вклучување на семејството во активностите, негово економско-социлјано јакнење, давање на психо-социјална поддршка, зајакнување на родителските капацитети и семејни врски како гаранција дека нема да го вратат детето на улица преку нудење на различни можности како алтернативи на улицата.